СИНДИКАТ
УПОЗ

# БИЛТЕН

НА ОСУМНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
НА СИНДИКАТОТ НА **УПОЗ** 07-10.06.2012

СПОРТСКИ ИГРИ
18
ОХРИД, 06-09.06.2012









# 18 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ СИС-УПОЗ-2012

СПОРТСКИ ИГРИ 18 ОХРИД, 06-09.06.2012

# ОТВОРАЊЕ НА ИГРИТЕ

**Осумнаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ се одржаа од 7 до 10 јуни 2012 година во хотелите „Метропол", „Белви" и „Турист" во Охрид. На игрите учествуваа околу 400 учесници, од кои 16 екипи - синдикални организации на Синдикатот на УПОЗ. На игрите учествуваа и колегите од Синдикатот на државните и локалните службеници на Хрватска (71) и двајца претставници од Синдикатот на државните и јавните службеници на Република Босна и Херцеговина.**



Според постигнатите резултати победник во машка конкуренција е Апелационото подрачје Скопје, а во женска конкуренција Фондот на ПИОМ. Севкупен победник на Осумнаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ е Апелационото подрачје Скопје. Покрај пехарите се доделија и благодарници и награди. Исто така наградата за фер плеј се додели на Казнено-поправната установа Штип, а наградата за најдобар спортски дух беше доделена на Драгица Никифоровиќ од Министерството за транспорт и врски на РМ.

Од организациски аспект се направија неколку промени во организацијата на игрите. Свеченото отворање за прв пат оваа година беше направено покрај базенот на хотелот „Белви". На отварањето сите учесници имаа можност да се забавуваат и дружат и да ги вкусат производите на „Сковин" и „МИК" – Свети Николе кои беа спонзори на СИС – УПОЗ 2012 година. Откако Претседателот Пецо Грујовски ги прогласи игрите за отворени беше организирана забава покрај базенот со ди-џеј а потоа забавата продолжи во клубот „ТАБУ" во хотелот „Белви". Втората вечер беше организирана како и минатите години, односно покрај музичката група во салата за вечера, гостите од Хрватска подготвија хрватски специјалитети придружени со традиционална хрватска музика и вино. Третата вечер, односно доделувањето на пехарите и дипломите за прв пат беше организирана на терасата на хотелот „Метропол".





На овие игри беа доделени и три награди од АМСМ – ТУРС како едни од спонзорите на 18-тите СИС-УПОЗ и тоа викенд аранжман за двајца во Грција, што позитивно беше прифатено од учесниците на овие игри.

Спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ се негово обележје и можност членовите да се запознаваат, забавуваат и дружат. Учеството на 400-тина членови на Синдикатот на УПОЗ на овие игри и средби покажа дека традицијата што се негува веќе осумнаесет години сè уште опстојува. Исто така, можеме да кажеме дека организацијата на Осумнаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ беше одлична, а одредени новини внесоа нов дух и свежина.

# НАТПРЕВАРУВАЊЕ














# НАГРАДИ


















app









# РЕЗУЛТАТИ И ЛАУРЕАТИ

СПОРТСКИ ИГРИ 18
ОХРИД, 06-09.06.2012

## Машка конкуренција – прво место:

Мал фудбал - **Апелационо подрачје Штип**
Кошарка - **Апелационо подрачје Скопје**
Одбојка - **Локална самоуправа Струмица**
Пинг-понг - **МЗШВ**
Шах - **Апелационо подрачје Скопје**
Стрелаштво - **Дирекција за заштита и спасување**
Пикадо - **Апелационо подрачје Скопје**
Тенис - **Управа за јавни приходи**

## Женска конкуренција – прво место:

Пикадо - **Фонд на ПИОМ**
Баскет - **МЗШВ**
Одбојка - **Локална самоуправа Струмица**
Пинг Понг - **Управа за јавни приходи**
Шах - **Апелационо подрачје Скопје**
Стрелаштво - **Министерство за транспорт и врски**
Тенис - **Управа за јавни приходи**

## Заедничка дисциплина:

Влечење јаже - **МЗШВ**

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА:**
**ФОНД НА ПИОМ**

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА:**
**АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ**

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ИГРИТЕ:**
**АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ**

# ДОВИДУВАЊЕ ДО 19-те СИС-УПОЗ - 2013